С. ЈОРДАНОВСКИ

# ЕТАПИТЕ НА ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛИЗМОТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА — ЕТАПИ НА СЕ ПОГОЛЕМО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ТРУДОТ И ОПШТ ПРОГРЕС НА ОПШТЕСТВОТО

Пред Втората светска војна Југославија беше една од најзаостанатите држави во Европа. Тоа се гледа пред сè од фактот што само 10% од населението работеше во индустријата, рударството и градежништвото, а 75% живееше на село, обработувајќи ја земјата главно на примитивен начин. Во исто време, таа беше приврзок кон странскиот капитал, кој заедно со домашната буржоазија вршеше бездушна експлоатација на населението, ограбувајќи ги и природните богатства на нашата земја. Ако кон оваа заостанатост во економски поглед се додаде и нерешеното национално прашање, каде што се работи не само за отсуство на национална рамноправност, туку и за непризнавање на некои нации, не е тешко да се сфати нејзината нестабилност. Огромното незадоволство и отпорот на масите се задушуваа од страна на реакционерните политички системи.

Сета своја внатрешна слабост и зависност од странскиот капитал (отпрвин францускиот и англоамериканскиот, а подоцна сè повеќе германскиот), ја покажува буржоазијата со предавството и капитулацијата пред фашистичките завојувачи. Онаа сила, што во тие судбоносни денови застана на чело на народот, беше Комунистичката партија на Југославија. Таа тоа можеше да го направи, бидејќи од 1937 година, кога на нејзино чело дојде другарот Тито, и самата многу зајакна и имаше големо влијание врз народните маси. Тоа беа решавачки моменти не само за истерување на окупаторите, туку и за воспоставување социјалистички општествени односи. Нашата Партија знаеше да ги искористи тие моменти, да го повика и да го подготви народот за отпор и низ четиригодишна борба со повеќекратно посилниот непријател низ ретко виден масовен хероизам успеа да ја ослободи земјата од окупаторот и да воспостави социјалистички општествени односи. Затоа и велиме дека Народноослободителната борба во исто време претставува и социјалистичка револуција. Социјалистички карактер имаше власта што се создаваше

на слободната територија, од тие позиции се создаваше братството и единството на народите и народностите на Југославија и сл. Социјалистичкиот карактер на НОВ даваше посебни сили да се издржи докрај во таа нерамна борба.

Успешното завршување на Социјалистичката револуција за сите народи и народности во Југославија претставува нешто најзначајно во нивната историја, бидејќи тоа значеше не само крај на окупацијата, туку и на капиталистичките експлоататорски односи. Тоа беше причината што победоносниот завршеток на Револуцијата од широките народни маси беше примен со огромно одушевување, особено кога ќе се имаат предвид заостанувањето, неправдите и страдањата во предвоена Југославија.

Од успешниот завршеток на оружениот дел на Социјалистичката револуција се изминати скоро 30 години. Вообичаено е овој изминат пат на социјалистички развој на Југославија да се дели на два периода: период на административно (државно) управување и период на работничко и општествено самоуправување. Ваквата поделба е оправдана, бидејќи укажува на основните карактеристики на социјализмот во времето на кое овие периоди се однесуваат. Така, првиот период се карактеризира со тоа што државата, односно администрацијата имаше речиси пресудна улога во изградувањето на новото социјалистичко општество, а вториот со преминувањето на таа улога на непосредните производители и работните луѓе со сосема поинаква улога на државата.

Со сигурност може да се рече дека таквата улога на државата во почетниот период на социјалистичката изградба беше нужна. Имено, во овој период, откако со оружената борба беше воспоставена социјалистичка власт, нашето општество ги правеше првите чекори во својот развој како социјалистичко. Во таа смисла пред него се поставуваа многубројни и тешки задачи од чие успешно решавање зависеше не само неговиот натамошен развој како социјалистичко, туку дури и неговиот опстанок како такво. Се работеше за тоа политички обезвластената буржоазија и економски да се обезвласти, т.е. да се изврши експропријација на експропријаторите; да се скрши отпорот на антисоцијалистичките сили помагани и од странство; да се обнови од војната разурнатата земја; да се овозможи плански и побрз развој на производните сили како основа за натамошен развој на социјализмот итн. Во оваа смисла новата социјалистичка држава изврши мошне значајни задачи, како што се конфискацијата на имотот на народните непријатели и домашни предавници, ставањето на странскиот капитал под принудна управа, национализацијата на приватните стопански претпријатија, аграрната реформа и др. На тој начин всушност настануваше општествената сопственост над средствата за производство како основа за настанување и натамошното развивање на социјалистичките производствени и општествени односи воопшто.

Без централизирана диктатура на пролетаријатот наведените и други прашања не ќе беше можно да се решат, а во тоа време малубројната работничка класа и не беше подготвена за самоуправување. Поради тоа, овој период не треба да се поистоветува со каков и да е етатизам во негативна смисла. Со право другарот Кардељ овој период од развојот на социјализмот во Југославија го нарекува револуционерен етатизам, бидејќи со него се завршува еден период на успешно создавање услови за уште поуспешен развој на социјализмот во наредниот период.

Но, тој период не би бил револуционерен ако останеше повеќе од потребното време, бидејќи етатизмот со себе носи и опасност од сериозни деформации. Основната опасност е во тоа, што чиновничкиот апарат може да се бирократизира, да си создаде посебни интереси, не водејќи сметка за работничката класа што ја претставува. Имено, таа опасност беше согледана навреме и од 1950 година па натаму почна да се минува во наредниот, повисок период од развојот на нашето социјалистичко општество — во периодот на работничко и општествено самоуправување. Значајно е да се истакне дека тенденциите кон овој премин што влечеа корен од самата револуција кај нас и самиот тој премин предизвикаа тежок судир со тогашниот сталинистички систем. Основното во тој судир беше во самото сфаќање на социјализмот. Имено, според сталинистичката концепција, силата на социјализмот се изедначуваше со силата на државата, со доброто функционирање на гломазниот државен апарат што се состоеше во извршување, односно пренесување на наредбите од повисоките органи и каде што непосредниот производител се наоѓаше на дното од таа пирамида, сведен на обичен извршител. Може да се рече дека таквото сфаќање на социјализмот и таквата социјалистичка практика му нанесе голема штета не само на Советскиот Сојуз, туку и на социјализмот воопшто. Наспроти тоа, а во согласност со учењето на класиците на марксизмот во Југославија во тоа време се дојде до цврсти уверувања дека државната сопственост е понизок степен на општествена сопственост од непосредно општествената сопственост над средствата за производство. Во првиот случај си останува раздвоеноста меѓу непосредниот производител и средствата за производство, бидејќи меѓу нив стои државата како посредник. А тоа значи дека во суштина не е укинат наемниот однос, т.е. дека трудот не е слободен, макар што основната задача на социјализмот е ослободувањето на трудот. За да се надмине таа раздвоеност, во Југославија се мина на непосредно-општествена сопственост (фабриките на работниците) за работникот да не биде само обичен извршител, туку производител-самоуправувач. Продукционит однос што од ова произлегува е поизразито социјалистички со отворени можности сè повеќе таков да станува и да оди во правец на комунистичко општество. Наместо било каква принуда, овде имаме ослободена творечка волја на човекот,

а така најмногу и најквалитетно се твори. Но ова има смисла ако во исто време се измени и политичкиот систем за да дава можности за поголем удел на работничката класа во донесувањето на политичките одлуки и сл. Затоа, победата над сталинистичкото сфаќање не е значајна само за социјализмот во Југославија, туку има и светско-историско значење.

Напред наведената поделба на развојот на социјализмот во Југославија на два периода во основа е точна и оправдана, но сега станува недоволна. Се работи за тоа што и периодот на самоуправниот социјализам треба да се дели на сопствени етапи. Така, на пример, самоуправниот социјализам во времето од 1950 до 1963 година не е ист со тој во времето од 1963 до 1974 година, а овие уште помалку со периодот во кого сега стапуваме со усвојувањето на новите устави и со документите од конгресите на СК. Овој последниов по сè претставува најзначаен скок во развојот на социјалистичкото самоуправување. Накусо, кога би останале само на глобалното сфаќање на периодот на самоуправниот социјализам, без и него да го поделиме на одредени периоди според доминантните карактеристики и соодветно на тоа не го согледаме напредокот што го остварува во однос на претходната етапа, не би можеле да го сфатиме постојаното движење на нашето општество кон сè посоцијалистичко, односно кон сè посамоуправно.